


ISO 9001
Q-1441

**7.12.2022-Среда**

# ПРОТОКОЛ



## На 9 декември, Советот на Општина Гевгелија ќе расправа по Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година

Советот на Општина Гевгелија, на 9 декември, 2022 година, ќе ја одржи својата 20. седница. На седницата, ќе се расправа по Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година. Заедно со Нацрт-Буџетот, на дневен ред се и Нацрт-Буџетски програми за уредување на градежно земјиште и за реконструкција, изградба и изведба на општински улици и патишта. Општинскиот буџет за идната година ќе биде донесен во две фази- по увојувањето на Нацрт-Буџетот, овој значаен документ ќе се најде на јавна расправа, а до крајот на годината, како предлог повторно ќе се најде пред Советот на Општина Гевгелија на усвојување.

Од оваа година, граѓаните можат да учествуваат со предлози и идеи во креирањето на Буџетот за 2023 година на отворените викенд-денови, кои започнаа да се реализираат од 2 декември. И следните сабота и недела (10 и 11 декември, 2022 година), се предвидени за непосредно учество на граѓаните во креирањето на општинскиот буџет, во Општина Гевгелија, во периодот од 11:00 до 14:00 часот. Покрај тоа, граѓаните имаат можност своите предлози и идеи да ги достават електронски, со пополнување на образецот за граѓанско учество во креирање на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, објавен на веб-страната на Општина Гевгелија.

20. седница на Советот на Општина Гевгелија ќе се одржи во Малата сала на Народниот театар- Гевгелија, со почеток во 11:00 часот. За работа на седницата, е предвиден следниов дневен ред:

1. Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на План на програми за развој на Општина Гевгелија за 2023 година,
2. Предлог-Заклучок за утврдување на Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година,
3. Предлог-Заклучок за утврдување на Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2023 година,



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

4. Предлог-Заклучок за утврдување на Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2023 година,

5. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2022 година,

6. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2022 година,

7. Предлог-Решение за формирање Комисија за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2023 година,

8. Предлог-Решение за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план на ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија за 2022 година,

9. Предлог-Решение за давање согласност на финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2022 - 30.09.2022 година - кумулативно,

10. Предлог-Решение за разрешување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија,

11. Предлог-Решение за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Детска радост“ - Гевгелија.




Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk




ГЕВГЕЛИЈА

ISO 9001
Q-1441

# 7.12.2022-Среда

## НАСТАНИ




### "Златен елец" во Гевгелија со претставата за деца "Новогодишна авантура"

Во организација на Домот на културата „Македонија“-Гевгелија, за дечињата од Општина Гевгелија следува изведбата на театарската претстава „Новогодишна авантура“. Детската претставата од репертоарот на Театарот „Златен елец“ ќе се одигра на 9 декември, 2022 година, во Народниот театар-Гевгелија, со почеток во 18:00 часот. Влезот чини 100 денари, а билетите можат да се купат од денеска до петок, во Народниот театар- Гевгелија, од 08:00 до 15:00 часот и во петок, пред самиот почеток на претставата.

Во претставата, се работи за авантурата на малата Лена која е заљубена во китењето на новогодишната елка. Кога таа заспива ќе ја посетат трапавите помошници на Дедо Мраз, кои откако ќе приметат дека ги заборавиле подароците што треба да ги однесат под елките на децата, решаваат да ги земат елките и да ги однесат кај подароците. Ова е забавна модерна приказна која низ авантурите на Лена не учи за правите вредности.

Улогите ги толкуваат: Надица Петрова, Никола Кузелов, Виктор Велевски и Александар Иваноски.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**7.12.2022-Среда**

## ИНФОРМАЦИИ



**Пресечена црвената лента за предавање во употреба на реновираниот објект на Црвен крст- ОО Гевгелија**

Во присуство на градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, генералниот секретар и претседателот на Црвен крст на Македонија, Саит Саити и Ромел Велев, како и многубројните гости, на свечениот настан, вчера, беше предаден во употреба реновираниот објект на Црвен крст- ОО Гевгелија. Со пресекувањето на црвената лента од страна на претседателот на Црвен крст на Македонија, Ромел Велев, секретарот на Црвен крст- ОО Гевгелија, Лазар Мешков и градоначалникот Сарамандов, беше одбележано пуштањето во употреба на новото здание на објектот на хумантираната организација во Гевгелија.

Во обраќањето кон присутните, секретарот на ООЦК Гевгелија, Мешков, истакна дека со пуштањето во употреба на реновираниот објект започнува ново поглавје во работењето на гевгелискиот Црвен крст, со тоа што се обезбедени сите потребни услови за непречено функционирање и остварување на мисијата на Црвениот крст- обезбедувањето хуманитарни услуги за ранливото население. Потенцирајќи дека во годината што изминува со преку 4.000 волонтерски часови и реализирани 11 крводарителски акции, на кои беа собрани 700 единици крв, ОО на Црвен крст Гевгелија уште еднаш покажа дека со добар тим и тимски дух работеше во служба на сите граѓани на Општина Гевгелија.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, во своето обраќање истакна:

- Точно пред една година, кога почнав да ја извршувам функцијата Градоначалник на Општина Гевгелија, бев во посета на старите простории на Црвен Крст во Гевгелија. Тогаш се роди идејата на членовите на Црвен Крст-Гевгелија за реконструкција на старите простории. Денес, идејата на членовите на Црвен крст е реализирана и имаат простории со нов лик. Важноста на овој нов објект е од големо значење, бидејќи ќе ја подобри функционалноста на Црвениот Крст, а со тоа, се овозможува Гевгелија да се гради како општествено одговорен и хуман град.




Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**7.12.2022-Среда**

Црвен Крст- Гевгелија полека прераснува во лидер на југоистокот и пример за општествена организација. Со многу работа и труд, направивте гевгеличани да се гордеат со вашите хумани дела. Во годината која изминува, Општина Гевгелија реализираше повеќе активности заедно со Црвен Крст- Гевгелија, а верувам и неопходно е соработката да продолжи и во иднина за доброто на сите сограѓани, упатувајќи честитки до генералниот секретар, проф. д-р Саит Саити и раководството и членовите на Црвен крст- Гевгелија за ентузијазмот и нивната упорност што придонесе за реализација на нивната идеја.